Бессони во Менхетен

Вај Киленд и Пенелопи Вард

# Бессони во Менхетен

Вај Киленд и Пенелопи Вард

САКАМ КНИГИ

# 1
# Сејди

Слободно: Кажете ѝ на девојката со која сте излегле на состанок дека изгледа прекрасно.

Никако: Не ѝ кажувајте на девојката со која сте излегле дека личи на Вашата поранешна свршеница... но со малку повеќе облини.

Написот за оваа седмица беше лесен. Сѐ што требаше да направам е да напишам резиме на мојот синоќешен состанок со Остин Коблдик[1]. Не, не се шегувам. Тоа му е вистинското презиме – паметно што одлучил да се претставува како Остин Коб на страницата за запознавање Match.com. Но, презимето не беше најлошиот дел од состанокот. Типот беше едноставно ужасен. Можев да го напишам овонеделниот напис со „Правила за љубовни состаноци“ исклучиво врз основа на најмалку десетте работи кои тој ги згреши. Да видиме...

Отсутно зјапав во мониторот на моето биро и тапкав со прстите по долната усна размислувајќи за опциите.

Слободно: Затворете ја устата кога кивате.

Никако: Не ги распрснувајте честичките штотуку изџвакана храна врз „Барбери“ капутот на девојката со којашто сте излегле. (Патем, утрово го однесов капутот на

1 Презимето Cobbledick се состои од два дела: cobble = калдрма и dick = пенис

хемиско чистење. Треба да му ја пратам сметката на Коблдик. Ништо чудно што пред зборот 'свршеница' го изговараше зборот 'поранешна').

Но написот за кивање најверојатно нема добро да помине. Населението на возраст од дваесет и една до дваесет и шест години коешто го чита списанието „Модерна госпоѓица" е малку гадливо. Можеби ќе бидат позаинтересирани за поинаков напис за Коблдик:

Слободно: Нарачајте пиво, сок, вода или чаша вино во текот на состанокот.

Никако: Не нарачувајте „Ширли Темпл" коктел и не го користете како реквизит со кој ќе ја покажете Вашата вештина за врзување јазли на дршки од цреша на жена која сте ја запознале пред пет минути.

Тотален лигуш.

Мислите ми ги прекина мојата колешка Девин кога влезе да ја донесе поштата. Таа го спушти купчето коверти во кутијата на аголот од бирото и рече, „Сакаш 'Старбакс'? Ќе тркнам набрзина".

Замислете, таа сѐ уште држеше голема пластична чаша со кафе во рацете.

Девин беше една од модните уредници на списанието. Но понекогаш, кога ќе ја погледнев, тоа воопшто ми немаше смисла. Денес носеше бел краток фустан со карнери, сребрена јакна со мониста, жолти гумени чизми и шарен шал околу вратот кој речиси го допираше подот... а надвор воопшто не врнеше. Го гризнав јазикот. Таа сепак ми ја донесе поштата и се понуди да ми донесе кафе. Доволно сум паметна за да знам дека не треба да ја гризнам раката што ме храни. Згора на тоа, Девин ми е една од најдобрите пријателки.

Ја отворив фиоката, го извлеков паричникот од неуредната чанта и ѝ подадов банкнота од десет долари. „Големо ледено ванила лате со соино млеко и без шеќер. Земи и ти нешто, јас честам".

Таа го набрчка нејзиното мало наперчено носе. „Дали тоа содржи барем малку кафе?"

„Еспресо“.

„Ах. Добро. Брзо ќе се вратам“. Почна да се движи кон излезот, но потоа застана кај вратата. „Патем, како си помина на состанокот синоќа?“

„Човекот за пет минути се претвори во напис“.

Девин се насмеа. „Можеби треба да се вратиш на ‘eHarmony’?“

Во изминатите две години, јас ги испробав „Match“, „Plenty of Fish“, „Zoosk“ и „Bumble“. Не сум Еврејка, но се обидов дури и на „JDate“, веб сајт на кој Евреи бараат религиозни партнери истомисленици. Мојата лоша среќа во љубовта беше проблем за мене, но ми одеше во прилог за колумните кои морав да ги пишувам секоја седмица како новинар во списанието.

„Всушност, размислувам да се обидам со ‘Grindr’“.

„Не е ли тоа сајт за геј, бисексуални и трансродови луѓе?“

„По синоќешниот состанок ги преиспитувам сите опции“.

Девин се насмеа бидејќи помисли дека се шегувам. Но ако отидам на уште некој состанок налик на последните неколку, јас сериозно ќе почнам да се преиспитувам колку всушност сакам пениси.

Одлучив да почекам додека не дојде кафето, па да продолжам со написот кој мораше да го завршам. Го зедов купчето пликови и почнав да ги разгледувам за да ми помине времето.

Реклама.

Реклама.

Кратка биографија од некој кој сака да стажира во списанието.

Прелиминарни страници од списанието што ми ги испратиле од одделот за подготовка за печат.

Реклами.

Писмо од жена на која не ѝ се допаднала мојата употреба на зборот „гаќички“ во минатонеделната колумна.

Отпечатено на двете страни на листот хартија. Очигледно имала премногу слободно време.

Запрев на претпоследниот коверт. Тој не беше адресиран до Сејди Бисет ниту пак до уредникот. Беше адресиран до Дедо Мраз. Беше јуни, па погледнав во поштенската марка мислејќи дека писмото некако се загубило во поштата. Но не. На поштенската марка пишуваше дека е испратено пред 3 дена. Сите новинари во „Модерна госпоѓица" беа задолжени за седмични колумни, но исто така требаше да напишат и по еден сезонски или празничен напис. Јас бев задолжена за написот „Празнични желби" кој се печатеше во текот на ноември и декември. Според тоа, не беше невообичаено да добивам писма адресирани до Дедо Мраз, но ова писмо дефинитивно пристигна во чудно време. Ја немавме објавено адресата во списанието уште од минатиот декември. Сепак го отворив ковертот и се потпрев на столот, љубопитна да откријам кој е толку нетрпелив и не може да почека уште неколку месеци.

*Драг Дедо Мраз,*

*Се викам Бирди Максвел и имам десет и пол години.*

Првата реченица ми измами насмевка. На која возраст престанав да го употребувам изразот *и пол*? Всушност, јас имав дваесет и девет и пол години. Но во никој случај не сакав да бидам поблиску до триесет. Деновиве повеќе сакав да кажам дека сум во *доцни дваесетти* отколку да ја кажам мојата точна возраст. Но Бирди најверојатно сакаше да звучи повозрасно. И јас сакав кога бев на нејзина возраст. Продолжив да читам од љубопитство да ја откријам желбата на малечкото девојче.

*Иако ти го пишувам писмово, не сум сигурна дали сè уште верувам во тебе. Знам дека звучи глупаво бидејќи сепак ти пишувам. Но имам причина за тоа. Ти ме изневери. Ако воопшто постоиш. Можеби ова писмо никогаш нема ни да биде отворено бидејќи ти не постоиш. Не знам.*

*Како и да е, пред четири години ти напишав писмо и те замолив да ја оздравиш мајка ми. Беше болна од рак. Но таа почина на 23 декември. Кога плачев и велев дека не постоиш, тато ми рече дека Дедо Мраз е само за деца и дека*

*не можам да барам од него работи поврзани со возрасните. Затоа следната година ти побарав син велосипед со бела корпа и розови цвеќиња, ѕвонче што звучи како патка и регистарска табличка со моето име. Нема ништо со името Бирди. Ни магнети, ни шолји за кафе, а дефинитивно не регистарски таблички за велосипеди. Но ти ми ја исполни желбата. Велосипедот е прекрасен, иако тато вели дека колената ми допираат на асфалтот кога го возам.*

*Минатата година ти побарав кученце. Многу, многу сакав голема дога со едно сино и едно кафеаво око што ќе ја викав Мармадјук. Но ти не ми донесе кученце. Тато се обиде да ме убеди дека Дедо Мраз не носи живи подароци. Тој не знаеше дека Сузи Редмонд, најужасното девојче од мојот клас, побарала морско прасе од таканаречениот Дедо Мраз и го добила. Како и да е, како што веќе кажав, не сум сигурна дали навистина постоиш. Или дали се точни правилата за кои тато вели дека треба да ги почитуваш. Но си помислив дека можеби е добро да ти го испратам списокот со желби за оваа година. Па, не е баш некој список туку само една голема желба...*

*Ако навистина постоиш, ќе можеш ли, те молам, да ни донесеш мене и на татко ми некоја посебна пријателка? Нешто како мајка, но не мајка бидејќи јас имам само една мајка, а неа веќе ја нема. Но можеби некоја поради која тато повеќе ќе се смее. Би било супер и ако знае да плете плетенки. Тато нема поим од плетенки.*

*Ти благодарам!*

*Бирди Максвел*

*П.С. Знам дека е лето. Ама си помислив дека ќе ти треба малку повеќе време за да ја најдеш вистинската пријателка.*

*П.П.С. Ако навистина постоиш, на тато му требаат неколку пара црни чорапи. Тие што ги носеше денес имаа дупка кај големиот прст.*

*П.П.П.С. И ако навистина постоиш, можеш ли да ми испратиш маслинки? Од оние големите црни маслинки во*

*конзерва. Дома веќе немаме, а тато конечно ме пушта да користам отворач за конзерви. Сакам да ставам по една маслинка на секој прст и да ги јадам додека гледам телевизија.*

Трепнав неколкупати и почнав да размислувам за прочитаното. Тоа беше најслаткото, најнесебичното писмо што некогаш пристигнало на моето биро. Срцето ме болеше од помислата дека девојчето ја изгубило мајка си кога имало само седум години. Јас имав шест и пол години кога мајка ми почина од рак. И, *о Боже...* помислив на последниот пат кога ја видов мајка ми и тогаш сфатив дека се сеќавам на мојата возраст како на шест... *и пол* години.

*Ах, Бирди. Потполно те разбирам.* Откако почина мајка ми и татко ми ретко се насмевнуваше. Моите родители беа заедно уште од деца. За Денот на вљубените во деветто одделение, татко ми ѝ дал прстен – лижалче додека стоеле пред пицеријата во близина на нивното училиште. Пет години подоцна ја однел на истото место и ја запросил со вистински прстен. Нивната љубов била сон на секое девојче. Инспиративна, да, но нивната љубов имаше и мана. Моите родители го подигнаа стандардот за љубовна врска толку високо што јас одбивав да се задоволам со нешто помалку.

Воздивнав и го препрочитав писмото. На крајот на второто препрочитување, јас веќе имав солзи во очите. Не знаев што можам да направам за Бирди, но имав ненадеен порив да му се јавам на татко ми. Така и направив.

* * *

Како типична Њујорчанка, јас не одев да купувам поголеми количини храна туку секој ден наминував во малото продавниче на аголот до мојата куќа кога се враќав од работа. Каиро, типот што работеше на каса, се доселил тука од Бахреин со желба да стане стенд-ап комичар. Се однесуваше кон муштериите како да сме му публика.

Почнав да ги вадам производите од кошницата и да ги ставам на пултот.

„Синоќа ѝ кажав на жена ми дека ги црта веѓите премногу високо. Изгледаше изненадено“.

Се насмевнав и одмавнав со главата. „Добро е, Каиро. Но ме знаеш мене, јас ги сакам безобразните вицови“.

Каиро погледна наоколу, па ми даде знак да се приближам до него. „Едно девојче забележало дека почнале да му растат влакна помеѓу нозете. Не знаела зошто се случува тоа и загрижено ја прашала мајка ѝ дали е тоа нормално. Мајка ѝ ѝ одговорила, ‘Нормално е, душичке. Ние тоа го викаме мајмунче. Тоа значи дека стануваш жена’. Девојчето се израдувало. Вечерта за време на вечерата, таа ѝ се пофалила на сестра ѝ. ‘Моето мајмунче веќе има коса!’ Сестра ѝ само се насмевнала. ‘Големо чудо. Моето веќе има изедено десетина банани’“.

Се насмеав. „Задржи го овој за настапот“.

Каиро покажа кон рафтовите зад мене. „Виде ли? Набавив од оние чоколадни колачиња што ги обожаваш“.

Чоколадните ролери полни со крем од лешник ми беа најголема слабост. Имав среќа што поголемиот дел од телесната тежина ми беше распореден во задникот и што беше модерно да си заоблена во тој предел. „Ти реков да не нарачуваш веќе од нив“.

Тој се насмевна и ми мавна со раката. „Земи. Јас честам“.

Воздивнав. Но сепак отидов до рафтот. Бидејќи... па... стануваше збор за слатки. Производите во малото продавниче на Каиро не беа распоредени по некој логичен редослед. Од едната страна на шпагетите стоеја сунѓери, а од другата беа ролерите. Ја грабнав првата конзерва со ролери, но само што сакав да го тргнам погледот, забележав неколку конзерви веднаш до ролерите. *Црни маслинки.* Се насмевнав, помислив на Бирди и тргнав кон касата. Направив само три чекори пред да се вратам назад до полицата за да земам две конзерви со маслинки.

Каиро ми кажа три ужасни шеги за маслинки додека чекав да платам за намирниците. Заминав со две кеси производи и немав поим што ќе правам со маслинките, но поради некоја непозната причина, ја потпевнував „Ѕвончиња, ѕвончиња“ сè додека не пристигнав дома.

# 2
# Сејди

„Што правиш по ѓаволите?“

Следното попладне, Девин дојде во мојата канцеларија и ме начека со конзерва и новогодишна украсна хартија спружена преку бирото. Јас само ги подигнав рамената и почнав да ја сечам хартијата. „Виткам маслинки“.

„Зошто?“

Посегнав во кесата на столот и ги извадив работите што ги купив за време на мојата пауза за ручек. „Што мислиш, како да ги завиткам овие? Немам кутија“.

Девин ги спои густите бушави веѓи. „Сакаш да завиткаш црни машки чорапи?“

Ги спуштив ножиците и ја завиткав црвено-белата украсна хартија со пруги околу конзервата. „Па, не можам да ги испратам маслинкиве завиткани во празнична хартија, а чорапите не“.

Девин ги зеде чорапите и ги завитка во топка. „Имам двајца браќа. Татко ми ми даваше по дваесет долари за да им купам подароци за празниците. Секоја година добиваа чорапи за еден долар од рафтот за распродажба, а јас ги користев останатите пари за да си купам шминка. Најдобро се виткаат ако се вака, како топче“.

„Ах. Паметно“.

Девин се потпре на бирото и го доближи селотејпот до мене. „За кого се маслинките и чорапите? Некој нов маж за којшто не знам?“

Одмавнав со главата. „Не, за Бирди се“.

„*Ахааа.* Бирди“. Кимна како да сфати за што зборувам. „Која е Бирди, по ѓаволите?“

„Таа е едно малечко девојче кое испрати писмо за ‘Празнични желби’. Сакам да ѝ остварам дел од нејзините желби“:

„А таа посака машки чорапи и маслинки?“

„Да. И посебна пријателка за татко ѝ. Мајка ѝ починала од рак пред неколку години. Многу е слатка“.

Девин се намурти. „Тоа е ужасно. Но, каков е татко ѝ?“

„Од каде да знам?“

Таа ги подигна рамената. „Слободен е. И за кратко ќе има чисти чорапи. Тоа е подобро од повеќето мажи со коишто имаш излезено во последно време“:

Се насмеав. „Точно. Но, подобро не“.

„Како сакаш. А и неговото дете ми изгледа чудно. Кој бара маслинки од Дедо Мраз?“

Го прекинав виткањето и ја погледнав. „Кога имав седум години, побарав петел бидејќи сакав свежи кафеави јајца“.

„Ама... петлите не несат јајца“.

„Не реков дека бев најпаметното седумгодишно дете“.

Девин се насмеа и тргна кон вратата. „Мислам дека штотуку ја кажа причината поради која *треба* да го пребараш татко ѝ на Гугл. Ми се чини како да сте создадени еден за друг“.

* * *

На крај не пребарав никого. Откако ѝ ги испратив на Бирди маслинките и чорапите, ѝ посакав сѐ најдобро во мислите и веќе не размислував на таа тема. Сѐ додека не

се појави уште едно писмо во редакцијата по само една седмица. Кога го видов името на испраќачот, веднаш ја фрлив другата пошта и го отворив ковертот.

Од пликот падна фотографија и слета на подот. Кога ја подигнав, здогледав прекрасно мало девојче со златно руса коса и сјајна насмевка што ми го стопи срцето. Фотографијата беше мала училишна слика што можеше да се носи во паричник. Леле. *Таа е.* Ми се чинеше толку неверојатно што ја гледав вистинската Бирди. Беше толку убава, со добродушен поглед и, од она што го знаев за неа, со прекрасна душа. Ја тргнав фотографијата и почнав да го читам писмото.

*Драг Дедо Мраз,*

*О, Боже. О, Боже! Ти* навистина *постоиш. Навистина си вистински. Денес ги добив маслинките и чорапите. Дупките беа тамам за моите прсти! Не дупките на чорапите. Дупките на маслинките. Чорапите немаа дупки. Чорапите на татко ми повеќе немаат дупки. Толку се убави и меки. Требаше да му го видиш лицето кога ги здогледа во неговата фиока со чорапи! Сè уште не знае како се нашле таму. Рече дека денес му е среќен ден штом ги нашол чорапите. И јас се насмеав. Беше многу смешно! И потоа ме однесе на сладолед веднаш до неговиот ресторан за да го прославиме нашиот среќен ден. Не можев да му кажам дека сум прејадена и дека изедов цела конзерва маслинки.*

*Ти кажав ли дека татко ми има луксузен ресторан? Жените треба да носат високи штикли за да јадат таму. Мене ми е поубаво да јадам во пижами. Но тато ме тера да носам фустан кога излегуваме на вечера. Го правиме тоа секој прв вторник од месецот. Порано со него одеше мама. А сега одам јас. Тоа ми е омилен ден од месецот. Не поради тоа што сакам да се дотерувам и да јадам во ресторанот на тато туку затоа што по вечерата тато се враќа дома со мене. Инаку работи до доцна.*

*Ах! И јас исто така не му кажав дека ти пишав. Ќе миречеше дека е премногу рано за да му пишувам на Дедо Мраз и дека не треба да бидам алчна.*

*Синоќа му кажав на тато дека сакам некој друг да ми ја плете косата. Тој не знае да плете убаво. Потоа го начекав како гледа видео на Јутјуб со упатство за плетење плетенки. Му реков дека сакам плетенка што се врти околу целата глава. Од оние раскошните. Тој гледаше како некој прави баш таква плетенка. Ако се обиде да ми направи таква, ќе ми биде жал и ќе го оставам да ми ја исплете. А знам дека ќе изгледам смешно.*

*Како и да е, само сакав да ти се заблагодарам што ми докажа дека постоиш.*

*Бирди Максвел*

*П.С. Ти испраќам една од моите училишни фотографии. Ми дадоа многу, а јас немам кому да ги дадам освен на татко ми и на бабите.*

*П.П.С. Додадов нешто на мојот божиќен список. Си слушнал ли некогаш за „23andMe“? На училиште правевме големи семејни стебла на кои ги покажувавме нашите родители, баби и дедовци на различни гранки. Госпоѓа Паркер ни раскажа дека можеш да плукнеш во шишенце и да ги најдеш роднините стотина години наназад. Сакам да додадам гранки на моето стебло за да го покријам целиот ѕид на мојата соба! Моето стебло беше најмало бидејќи немам ни браќа ни сестри.*

*П.П.П.С. Со тоа не сакав да побарам нешто одоколу. Не сакам да ми го купиш тоа. Тетка ми секогаш ми купува фустани што не ми се допаѓаат, па ќе ѝ речам да ми го купи тоа оваа година!*

Длабоко воздивнав и продолжив да зјапам во фотографијата. Бирди многу личеше на мене кога бев на таа возраст. Имавме толку многу заеднички нешта, почнувајќи од руситe коси па сè до... до нашите мртви мајки.

Нејзината забелешка за плетенките ми врати спомени од времето кога мојот татко залудно се обидуваше да ми ја средува косата. Ќе се изнервираше и ќе се откажеше. Потоа јас заминував на училиште како Пипи долгиот чорап.

Да. Татко ѝ ме потсетуваше на татко ми. И двете имавме среќа да растеме со такви мажи покрај себе. Сочувствував со господин Максвел, кој и да беше – сочувствував со човекот кој даваше сè од себе за да ѝ го направи животот што е можно понормален.

Кога се вратив кај бирото со останатата пошта, се обидов да работам на написот, но мислите набрзо ми одлетаа. Почнав да мислам на Бирди и одеднаш го отворив Гугл и напишав: *Бирди Максвел.*

Не.

Бриши.

Искушението повторно ме обзеде по само неколку секунди. Напишав: *Бирди Максвел, Њујорк, Њујорк.*

Повторно го избришав.

*Што правам?*

*Остави ги работите како што се.*

*Зошто имам потреба да откријам нешто повеќе за кутрото девојче и нејзиниот татко?*

Срцето почна забрзано да ми бие кога повторно напишав: *Бирди Максвел, Њујорк, Њујорк.*

Не сум сигурна што очекував, но не бев подготвена за првиот резултат од пребарувањето.

Некролог. Кликнав на него.

Во горниот дел имаше фотографија од прекрасна жена со кафеава коса која ја имаше ставено раката околу мало русокосо девојче – помалата Бирди.

Аманда Максвел, 32 години, од Њујорк почина на 23 декември.

Аманда израсна во Гилфорд, Конектикат, и ги поминуваше летата заедно со многуте братучеди по брегот на Конектикат. Уживаше во организирањето големи семејни забави во нејзиниот дом заедно со сопругот и ќерката.

Аманда учеше во средното училиште „Гилфорд“, па потоа дипломираше на одделот за бизнис на универзитетот „Њујорк“. Таму го запозна Себастијан Максвел, љубовта на нејзиниот живот. Аманда неколку години работеше

како бизнис аналитичар на Менхетн, па се запиша на гастрономија. Заедно со сопругот Себастијан отвори италијански ресторан со пет ѕвездички на Менхетн.

И покрај нејзините успеси, Аманда најмногу уживаше да биде мајка на нејзината прекрасна ќерка Бирди која ѝ беше сè на светот.

Аманда ги остави во жалост нејзиниот сопруг, Себастијан, и малата ќерка Бирди Максвел од Њујорк; нејзината мајка, Сузан Мело од Гилфорд, Конектикат; братот Адам Мело од Бруклин, Њујорк; нејзината сестра Мејси Мело од Њу Џерси и многу ожалостени братучеди и роднини.

Аманда побара скромен погреб во Гилфорд. Семејството им се заблагодарува на сите кои ја опкружуваа со љубов во нејзините последни моменти од животот. За оние кои сакаат да ѝ оддадат почит и да се збогуваат, службата ќе се одржи во погребалниот дом „Стјуарт“ на улицата „Мејн“ на 2 јануари од 16 до 21 часот. Наместо цвеќе, семејството Ве моли да направите донација во нејзино име на детската болница „Св. Џуд“.

Ме исплаши гласот на Девин. „Плачеш?“

Ги избришав солзите од очите. „Не“.

„Што ти е?“

Зедов марамче и реков, „Тоа мало девојче... Бирди“.

„Што со неа?“

„Таа... ми напиша писмо за да се заблагодари и ми испрати нејзина фотографија. И требаше само да го прочитам писмото и да застанам тука, но јас го пребарав нејзиното име на Гугл и првото нешто што ми се појави беше некрологот од нејзината мајка. Сето тоа многу ме потресе“.

„Уф, можам да замислам. Жал ми е“. Девин погледна во екранот, па потоа отиде со курсорот кон фотографијата и се задржа со погледот на неа уште неколку секунди.

Кликнав во аголот на пребарувачот за да го исклучам. „Во ред е. Како и да е, треба да престанам да мислам на неа и да продолжам со работа“.

„Што пишуваше во писмото? Претпоставувам дека ги добила маслинките“.

Посегнав по пликот и ѝ го подадов.

Девин го прочита писмото на Бирди. „О, Боже. Колку е слатка. А татко ѝ... барал видеа за плетење плетенки? Ќе паднам во несвест. Сигурна сум дека е згоден. Мислам, мајка ѝ била навистина убава“.

„Ќе престанеш ли со тоа?“ реков чувствувајќи се зачудувачки одбранбено настроена.

„Зошто?“

Се изненадив од мојата реакција на нејзините зборови за таткото. Го третираше како да е предмет за обожување. Мислам дека се ставив на местото на Бирди. Сево ова беше една многу чувствителна тема. Дали бев тажна за себеси? Или за Бирди? Не можев да знам.

* * *

Знаете како некогаш само ќе помислите на нешто и одеднаш ќе почнете да гледате реклами по социјалните мрежи токму за тоа, како огласувачите да влегле во вашата глава?

Неколку дена откако пристигна писмото од Бирди, јас почнав да наидувам на реклами за венчиња – плетенки направени од вештачка коса. Потоа кога еднаш ќе кликнете на огласот, готово е – никогаш нема да престанат да ви се појавуваат. Како и да е, овие венчиња изгледаа како да имате плетенка околу главата – исто како што сакаше Бирди.

Пред да се свестам што се случува, една седмица подоцна, во мојата канцеларија пристигна кутија со венче – плетенка. Детално ја проучив фотографијата на Бирди за да ја усогласам нијансата на нејзината коса со венчето.

Ја зедов црвено-белата украсна хартија од под бирото, ја завиткав плетенката и ја адресирав кутијата, па ја испратив на улица 83.

# 3
# Сејди

Некои денови работев во канцеларија, а некои на терен. За мојот претстоен напис со наслов „Најдобриот од десет“, јас морав да договорам по два состаноци на ден, пет дена по ред. За да ги намалам варијабилите на состаноците, сите десет средби ги договорив во истиот ресторан, дури и на истата маса. Идејата за написот беше да одредам дали квантитетот му помага на квалитетот – дали ќе можам да најдам барем едно здраво јаболко од потенцијалните десет.

Одговорот, за жал, беше не. Ниту еден од десетте мажи не беше потенцијален кандидат за повторна средба. Еден од нив дури ме остави да ја платам целата сметка откако се понудив да го платам својот дел. Не ја ни извади картичката. Кога го прашав дали сака да ја поделиме сметката, тој ми рече „*малку сум кнаӣ со финансии во моменшов*“. Друг пак ме праша дали ќе може да ми го помириса чевелот. Изгледа имаше фетиш за стапала. Ни останатите осум не беа нешто подобри и секој од нив имаше некоја карактеристика која тотално ме одвраќаше.

На крајот на оваа седмица бев и повеќе од преморена. На пат за дома застанав во продавницата на аголот. На вакви денови посакував кај Каиро да имаше алкохол бидејќи бев премногу изморена за да отидам во друга продавница специјализирана за алкохолни пијалаци.

Прошетав низ рафтовите и зедов кеса смоки со вкус на сирење, пакетче чоколадни колачиња, големо шише кока-кола без шеќер, неколку пакетчиња гумени бонбони и замрзната пица со кулен. Вечерва ќе биде таква.

Кога стигнав до касата, Каиро ги ококори очите кога го виде изобилството на нездрава храна.

Додека ги внесуваше кодовите на производите, тој кришум се насмевнуваше што значеше дека смислил нова шега.

„Што имаш за мене вечерва, Каиро?“

Тој веднаш почна да зборува. „Што му рекла возбудената пица на куленот?“

„Што?“

„Сакам да си врз мене“, се насмеа тој.

„Ах, убаво“. Не знам дали беше поради лошото расположение, но шегата повеќе ме изнервира отколку што ме насмеа.

„Не излегуваш вечерва?“, праша тој. „Немаш состанок со некој зготен маж?“

„Имав десет состаноци со згодни мажи оваа недела, верувал или не, ама сите беа за никаде. Никогаш не сум била посреќна што ќе ја поминам петочната вечер сама“. Ја допрев кредитната картичка на апаратот и се насмевнав. „Убав викенд, Каиро“.

Додека излегував со хартиената кеса без рачки во мојата прегратка, на телефонот ми пристигна известување. Посегнав во чантата и го извадив телефонот токму во моментот кога дувна силен ветар, ми го подигна здолништето и речиси ме соголи пред останатите минувачи.

Девин: **Не се врати во канцеларија денес, па ја зедов твојата пошта. Доби уште едно писмо од девојчето, Бирди. Го зедов со мене, ако сакаш можам да ти го донесам.**

*Срање.* Дали сакав да се занимавам вечерва со тоа? Знаев дека ќе ме разнежни. Подобро ќе биде да избегам од реалноста со малку Нетфликс. Но иако знаев што е најдобро за мене, јас го напишав спротивното.

Сејди: **Да. Тоа би било супер. Купив грицки ако си заинтересирана. Донеси вино.**

* * *

Јас и Девин изедовме цела пица и половина од останатите грицки, испивме шише вино и изгледавме три епизоди од „Чудни нешта“ пред да се осудам да го отворам писмото.

*Драг Дедо Мраз,*

*Ти благодарам што ми ја испрати плетенката. Не очекував да добијам уште еден подарок. Не сакам да мислиш дека ти кажав за плетенката само за да те натерам да ми пратиш ваква плетенка. Не знаев ни дека прават венчиња како плетенки! Навистина е супер! Не се ни гледа дека не е мојата коса!*

*Првиот пат кога ти пишав само сакав да знам дали навистина постоиш. И тоа го дознав. Затоа ти побарав маслинки. (Ама навистина сакав чорапи за тато). Плетенката многу ме израдува. Тато виде дека ја носам и ме праша од каде е. Му реков дека ми ја даде една другарка. Тоа и не е некоја лага. Ми изгледаше среќен што не ќе мора да учи како да ми ја плете косата.*

*Го видов тато како зборува со една жена пред некоја вечер. Чудно беше. Бев гладна, па станав од кревет за да украдам колачиња и тој седеше на каучот и зборуваше со некоја жена преку компјутерот. Со трчање се вратив во мојата соба затоа што малку се исплашив. Не знам зошто. Тој не ме виде. Знам дека требаше да останам во кревет, ама сакав „Орео“. И ги изедов другото утро за појадок.*

*Како и да е, веќе нема да барам ништо. Барем не до Божиќ.*

*Само сакам да знам дали ќе можеш да ми кажеш нешто. Бидејќи Северниот Пол е прилично високо, дали од кај тебе се гледа рајот? Можеш ли да ми кажеш дали мама е*